**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ**

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202-28/4
05.12 2019 год.
Скопје

# ОПШТИ УСЛОВИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ СТОКИ ВО ТРАНСПОРТ (КАРГО)

**Скопје, декември 2019 год.**

Усвоена со одлука на Управен одбор број 28/3 од 05.12.2019 година

# ОПШТИ УСЛОВИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ СТОКА ВО КОПНЕН ТРАНСПОРТ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) По овие Услови се осигурува стока во копнен транспорт од оштетувања настанати поради осигурените ризици.

(2) Под копнен транспорт според овие Услови, се смета транспортот на стока во железница, со брод или со друг пловен објект по реки и други внатрешни води, со воздушни летала, камионски, со цевководи или со друго копнено транспортно средство.

### Член 2

(1) Осигурувањето може да се договори од основни, дополнителни ризици и други ризици на кои е изложена стоката за време на транспортот што се наведени во член 5, 6 и 7 од овие Услови.

(2) Ако во договорот за осигурување, односно во полисата за осигурување не се наведени ризиците од кои стоката се осигурува, се смета дека стоката е осигурена само од основни ризици што се наведени во член 5 од овие Услови.

(3) Ако осигурувањето е склучено „против сите ризици“, се смета дека стоката е осигурена од основни и од дополнителни ризици наведени во членовите 5 и 6 од овие Услови.

### Член 3

(1) Осигурувањето може да се договори во домашен или во меѓународен транспорт.

(2) Под домашен транспорт се подразбира само оној транспорт кај кој местото на испраќање и на примање на стоката односно дестинацијата се наоѓа на територијата на Република Македонија.

(3) Под меѓународен транспорт се подразбира транспорт со меѓународна транспортна исправа, односно транспорт кај кој појдовното или местото на пристигнување не се наоѓа на територијата на Република Македонија.

(4) Транзитното осигурување на стоката се смета за меѓународен транспорт.

**Член 4**

(1) Под стока, според овие услови, се смета секоја пратка што е предмет на транспорт и чијашто вредност може да се одреди.

(2) Под стока се сметаат и возила и машини што делумно се транспортираат а делумно се движат на сопствени тркала.

(3) Со овие Услови може исто така да се осигуруваат возила и машини, кои на целата или на дел од осигурената релација се движат на сопствени тркала кога тие не може да бидат покриени со редовното имотно осигурување.

## II. ОСНОВНИ РИЗИЦИ Член 5

(1) Ако е договорено осигурување од основни ризици, осигурителот на осигуреникот ќе му надомести кусок (загуба) и оштетување на стоката што ќе настане во транспортот поради:

1. Сообраќајна несреќа на транспортното средство (судир, удар, превртување, лизгање, паѓање во бездна или во вода, од уривање мостови, минирање терен, паѓање на авиони, потопување и сл.).
2. Пожар и експлозија (со исклучок на самозапалување и експлозија на осигурените предмети настанати без влијание на вонредни надворешни влијанија).
3. Елементарни појави (гром, луња, пороен дожд, град, порој, подземни води, поплава, снежна лавина, одронување на земјиштето и сл.).
4. Неиспорака поради разбојништво, разбојничка кражба или провална кражба како и други видови кражба ако се последица на настаните што се наведени во точките од 1 до 3.

Доколку осигуреникот не ја прими пратката од транспортерот во законски рок, се смета дека е во прашање неиспорака.

5. Одземање или кражба на транспортното средство со стоката.
6. Затворени коли (железнички и други) се сметаат и отворени коли во смисла на овие Услови, ако тие се покриени, врзани и пломбирани со покривка на превозникот во поглед на ризикот од неиспорака, провална кражба или кражба.

## 2. ДОПОЛНИТЕЛНИ РИЗИЦИ

**Член 6**

(1) Со осигурувањето се покриени и оштетувања на стоката и од следните дополнителни ризици:

1. Кршење и оштетување предмети во разна транспортна амбалажа и предмети што не бараат пакување.

2. Кршење и оштетување лесно кршлива стока.
3. Кинење, кршење и перфорација на амбалажата со течење и растурање.
4. Вдлабнување, лупење, свиткување и деформации.
5. Течење и растурање на стоката во рефусна состојба поради вонредни надворешни влијанија.
6. Покиснување, 'рѓа, оксидација, корозија поради вонредни надворешни влијанија.
7. Допир со друга стока или предмети.
8. Погинување што дошло поради опасностите наведени во член 5 став 1 точка 1-3 од овие Услови.
9. Кршење нозе кај животните што ќе настане поради опасностите од член 5 став 1 точка 1-3 од овие Услови.
10. Расипување или смрзнување што ќе настане поради вонредни надворешни влијанија.
11. Кражба на стоката.
12. И други вонредни надворешни влијанија.

## 3. ДРУГИ РИЗИЦИ

### Член 7

(1) Со осигурувањето се покриени и штети поради:

1. Згмечување.
2. Оштетување етикети од кои било причини.
3. Подување на конзерви од кои било причини.
4. Расипување месо од живина, дивеч и стока од која било причина.
5. Расипување овошје и зеленчук од кои било причини (со исклучок на јужно овошје).
6. Расипување од кои било причини кај пратките од јужно овошје.
7. Самозапалување од кои било причини (со исклучок на рибино брашно).
8. Самозапалување кај пратките на рибино брашно.
9. Самозапалување од кои било причини на стракови на билни садници и сл.
10. Размрзнување од кои било причини (кај пратки што се транспортираат во фрижидери).
11. Осветлување филмови од кои било причини.
12. Експлозија од кои било причини.
13. 'Рѓа и оксидација од кои било причини.
14. Погинување од кои било причини (на животни за работа или колење).
15. Погинување од кои било причини (на животни за приплод).
16. Погинување од кои било причини на желки, жаби, полжави, ракови, змии и сл.
17. Погинување од кои било причини на пердувести животни (освен на пилиња не постари од 30 дена.
18. Погинување од кои било причини на пилиња стари до 30 дена.
19. Расипување и кусок од кои било причини.

20. Течење и кусок од кои било причини (нафта и нафтени деривати).

21. Кршење и уништување внатрешни делови кај светилки и електронски цевки и слично.

22. Загревање и потење од кои било причини.

23. Стврднување од кои било причини (цемент).

24. Осигурување пратки што се транспортираат на сопствени тркала (пер- акс).

25. Расипување и воспалување кај житариците.

26. Салмонела.

27. Молци.

28. Тешки предмети, машини и слично над 5 тони.

29. Проток на гориво низ цевководи.

(2) Осигурувањето од опасностите од претходниот став се врши по посебните услови или по условите што се утврдени со договорот за осигурување.

(3) Осигурување од ставот 1 на овој член може да се договори само ако е договорено осигурување „Против сите транспортни ризици".

Условите под кои осигуреникот склучува договор за осигурување, Осигурителот е должен да ги посочи во полисата, односно да ги приложи со полисата.

## 4. ИСКЛУЧЕНИ ШТЕТИ

### Член 8

(l) Со осигурувањето не се покриени штети на стока во транспорт што се настанати посредно или непосредно поради:

1. Намерни постапки на осигуреникот.

2. Крајно невнимание на осигуреникот.

3. Намерни постапки или крајно невнимание на лицата за чиишто постапки осигуреникот одговара според законот, освен за штети што настанале поради постапките на екипажот на транспортното средство.

4. Транспорт на стока во отворени коли, ако не е пријавен на осигуреникот при склучување на договорот.

5. Неправилно или недоволно пакување на стоката.

6. Мини или природни својства на стоката освен за штети настанати поради ризиците наведени во членовите 5 и 6 од овие Услови.

7. Штети што ќе настанат поради тоа што предметите што се исклучени од транспорт или предмети што при транспорт се примаат по одредени Услови - се предаваат во транспорт под неисправни неточни или непотполни податоци или што испраќачот не ги презел потребните мерки потребни за транспорт.

8. Штети на кои се изложени живите животни при транспорт, освен за штетите предвидени во член 6 став 8 и 9.

9. Воени и политички ризици.

(2) Ако посебно се договори, осигурителот на осигуреникот ќе му надомести и штета поради причините наведени во претходниот став со исклучок на штети што се настанати со намерни постапки на осигуреникот.

## III. ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО Член 9

(1) Осигурувањето започнува во моментот кога ќе започне утоварот на стоката во првото транспортно средство во местото предвидено со договорот за осигурување и трае сѐ додека не се заврши истоварот на стоката со последното транспортно средство во складиштето на примачот во определеното место предвидено со договорот за осигурување, но не подолго од 7 дена по пристигнување во определеното место.

(2) Стоката останува осигурена и за време на складирање во попатни складишта, но не подолго од 14 дена од денот на прием во складиштето.

(3) Ако транспортерот ја предаде стоката во јавно складиште поради тоа што постојат пречки за испорака, стоката останува осигурена и за време на складирањето во складиштето, но не подолго од 14 дена од денот на предавање на стоката во тоа складиште.

(4) Ако возачот ја предаде стоката во јавно складиште по наредба на осигуреникот или на лице за кое осигуреникот одговара за неговата вина, осигурувањето престанува со предавање на стоката во јавното складиште, ако не е поинаку договорено.

(5) За време на складирање (лежење) во складиште, стоката е осигурена од ризиците што се наведени во договорот за осигурување.

## Член 10

(1) Ако по барање на осигуреникот односно на лицето што има право да располага со стоката, стоката да биде на пат (релацијата) задржана или упатена во друго место, или да биде вратена во местото на испорака, осигурувањето трае додека работата не се истовари во старото или во новото место определено со договорот за осигурување, но не подолго од 7 дена од денот на пристигнување во определеното место, под услов осигурителот веднаш да биде известен за тие промени, да биде известен и осигуреникот за тоа дека треба да доплати соодветна премија за осигурувањето.

(2) Ако осигурителот за настанатата промена во транспортот не биде известен во рокот предвиден од претходниот став или ако осигуреникот не прифати да доплати премија за осигурувањето, осигурувањето престанува во моментот на настанување на промената во транспортот.

(3) Во случаи предвидени со претходниот став, осигурителот ја задржува премијата за осигурување.

**Член 11**

Осигурувањето важи и за време на:

1) Вообичаено задржување на стоката на релација во царински складишта.

2) Комбиниран транспорт.

3) Промена на правецот на движење или промена на транспортното средство што настанале независно од волјата на осигуреникот.

## IV. ОСИГУРЕНА СУМА И ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНАТА СТОКА Член 12

(l) Со една сума на осигурување може да се осигури покрај вредноста на стоката во местото на утовар (стварна вредност), уште и трошоците за транспорт и царина, шпедитерските услуги и други трошоци во врска со транспортот и испорака на стоката, како и очекуваната добивка што не може да помине повеќе од 20% од стварната вредност на стоката.

**Член 13**

1 Ако во договорот за осигурување вредноста на стоката е договорно утврдена, осигурителот таа вредност може да ја оспори при ликвидација на штетата доколку е во прашање очигледна грешка или ако во поголема мера ја надминува стварната вредност на осигурената стока заедно со трошоците во врска со транспортот и испораката, како и очекуваната добивка, така што надоместокот на штетата врз основа на таквите вредности, му овозможува на осигуреникот значајна и неоправдана добивка.

## V. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

(1) Понуда за осигурување може да се направи усно или писмено.

(2) Понудата за осигурување, што ќе ја направи лице што сака да осигурува стока (договарач на осигурувањето) мора да содржи: вид и количина на стоката, етикета на стоката, тежина на стоката, тип пакети, ризици од кои се бара осигурување, сума на која се бара осигурување, регистрација на транспортното средство и релација на транспортот.

(3) Договорот за осигурување може да се склучи и ако договарачот на осигурувањето во понудата го назначи само видот на стоката и приближната количина на стоката, типот на транспортното средство, релацијата, ризиците за кои се бара осигурување и приближната сума на која се бара осигурување, односно начин на кој дополнително ќе се утврди осигурената вредност на стоката со тоа што за другите податоци да го извести осигурителот дополнително, во договорениот рок.

(4) При склучување на договорот за осигурување, договарачот на осигурувањето е должен на осигурителот да му ги пријави и другите релевантни

околности во врска со транспортот на стоката што се од посебно значење за процена на тежината на ризикот.

**Член 15**

(1) Понудата за осигурување, осигурителот може да ја одбие или да ја прифати.

(2) Се смета дека осигурителот понудата за осигурување доставена усно, ја одбил ако веднаш не ја прифати.

(3) Ако осигурителот не одговори на писмената понуда во рокот што спрема нормалниот тек на настаните е потребен за одговор, а во прашање е вообичаено осигурување, се смета дека понудата е прифатена.

**Член 16**

Договорот за осигурување е склучен кога осигурителот ќе ја прифати понудата за осигурување усно или писмено.

(1) Осигурителот има обврска да испостави полиса.

## VI. ДРУГИ ОДРЕДБИ

### 1. Премија за осигурување

**Член 17**

(1) Договарачот на осигурување е должен да ја плати премијата веднаш, а најдоцна во рок од 8 дена од склучување на договорот за осигурување ако поинаку не е договорено.

(2) Премијата за осигурување може да ја плати осигуреникот или друго лице што има имотно-правен интерес договорот за осигурување да биде полноважен.

(3) Ден на плаќање на премијата со вирман или по пошта ќе се смета како ден за уплата на премијата за осигурување.

(4) Наплатата на премијата и исплатата на штетата се врши во девизи и на начин што е предвиден со важечките законски прописи.

**Член 18**

Ако премијата за осигурување не биде платена благовремено во согласност со член 17, а дојде до остварување на осигурените ризици пред уплата на премијата, осигурителот може да ја компензира должната премија од сумата на штетата.

### 2. Процена и исплата на штета

(1) Потполно или делумно губење или оштетување на стоката при транспорт, се утврдува со записник од осигуреникот и транспортерот, кога штетата е видлива.

(2) Ако транспортерот одбие да учествува во процената на штетата, или таа во моментот на преземањето од транспортерот е невидлива, осигуреникот е должен да ги преземе сите мерки за обезбедување докази дека штетата е настаната за време на транспортот и траењето на осигурувањето, по пат на вештачење или со ангажирање на хаварискиот комесар на осигурителот.

Оваа одредба се однесува само за штети што по оцена на осигуреникот го надминуваат износот од 1.000 евра.

(3) Се смета дека осигуреникот ја примил стоката неоштетена доколку не постапи по одредбите од претходните ставови.

## Член 20

(1) Пријава за надоместок на штета од осигурувањето се поднесува писмено.

(2) Со пријавата се поднесуваат и: оригинална полиса за осигурување, оригинална транспортна исправа, записник за процена на штета, фактура за осигурената стока или други докази за вредноста на стоката и други докази за платени дополнителни трошоци во врска со стоката ако дополнителните трошоци се осигурени, како и други докази за причината и висината на настанатата штета.

(3) Со поднесување на пријавата, осигуреникот му поднесува на осигурителот и исправа за пренесување на своите права што ги има спрема лицата одговорни за штетата (цесија).

(4) Во случај осигуреникот дополнително да ја прими стоката од транспортерот за која примил надоместок од осигурителот, должен е надоместокот да му го врати на осигурителот.

Во случај дополнително пронајдената стока да е примена како оштетена, ќе се применат одредбите од член 19 од овие Услови.

## Член 21

(1) Осигурителот има обврска на осигуреникот да му ја надомести стварната штета за стоката, но најмногу до осигурената сума за стоката.

(2) Ако осигурената сума е помала од стварната односно од договорената вредност на стоката и другите интереси што се во стоката осигурени во смисла на чл. 12 од овие Услови, осигурителот на осигуреникот ќе му ја надомести штетата во соодност помеѓу осигурената сума и стварната односно договорената вредност на стоката и другите осигурени интереси.

(3) Осигурената сума претставува горна граница на обврските на осигурителот спрема осигуреникот. Над оваа сума се надоместуваат само трошоците за спасување и процена на штетата.

## Член 22

(1) Кај хартии од вредност, штедни книшки, меници, чекови и други слични хартии, што можат да се огласат за неважни, осигурителот како штета ги надоместува трошоците за огласувањето и за издавањето копии.

(2) Ако неовластено лице реализира наплата на некои од вредностите наведени во претходниот став или осигуреникот по нивното огласување за неважни претрпи некаква штета, осигурителот ќе му ја надомести на осигуреникот стварната штета од осигурената претрпена штета.

**Член 23**

(1) Ако е договорена одбитна франшиза, осигурителот ќе му го надомести делот од штетата што го поминува износот на договорената франшиза, но најмногу до осигурената сума на стоката.

(2) Ако осигурената стока редовно, по своите природни својства губи од својата тежина (калира), а не е договорена одбитна франшиза, осигурителот на осигуреникот ќе му ја надомести штетата покриена со осигурувањето без вакви одбитоци, но најмногу до осигурената сума, ако не е поинаку договорено.

**Член 24**

(1) Осигурителот на осигуреникот покрај надоместокот за оштетување на стоката, ќе му ги надомести и разумно направените трошоци за спасување на стоката и над осигурената сума.

(2) Ако осигурената сума е помала од стварната односно од договорената сума на стоката, осигурителот на осигуреникот ќе му ги надомести и трошоците за спасување само во пропорција помеѓу осигурената сума и стварната односно договорената сума на стоката.

**Член 25**

Обврската на осигурителот да изврши исплата на надоместокот достасува во рок од 15 дена од денот на приемот на доказите потребни за извршување на обврските на осигурителот од договорот за осигурување.

Осигурителот може на барање на осигуреникот да изврши исплата на аконтација на штетата до 75% од висината на штетата.

Оваа исплата може да се реализира доколку е утврден основот за исплата во согласност со одредбите од овие услови.

### 3. Пренесување на правата од осигурувањето

**Член 26**

Осигуреникот може, ако не е поинаку договорено, своите права од договорот за осигурување да им ги пренесе на други лица, што имаат или може да имаат оправдан материјален интерес од осигурената стока.

**Член 27**

(1) Со исплата на надоместокот од осигурувањето, преминуваат на осигурителот во рамките на исплатената штета, сите права што осигуреникот ги има спрема лицата одговорни за штетата. Ако штетата е во подосигурување, правата од осигуреникот поминуваат на осигурителот пропорционално помеѓу односот на осигурената сума и стварната, односно договорената сума на стоката.

(2) Осигуреникот е должен да ги преземе сите потребни мерки за реализација на регресното побарување, како и по барање на осигурителот да издаде уредно пополнета и потпишана исправа за отстапување на своите права спрема лицата одговорни за штетата.

(3) Ако осигуреникот од крајно невнимание пропушти да ги преземе мерките од претходниот став, Осигурителот може од надоместокот од осигурувањето да ја задржи сумата во висина на штетата што поради тоа ја претрпел.

**4. Престанување на договорот**

**Член 28**

Ако со договорот за осигурување не е поинаку договорено, договорот се склучува на неодредено време со тоа што може да се откаже на крајот од секоја календарска тековна година, со отказен рок од три (3) месеци пред истекот.

**Член 29**

Овие Општи услови се применуваат ако ништо друго не е договорено во договорот за осигурување.

**5. Постапка по приговори, жалби и спорови**

**Член 30**

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Член 31**

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

**Член 32**

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**

**Марко Микиќ**

## СПЕЦИЈАЛНИ УСЛОВИ
### за осигурување превоз на стоки во транспорт со камион

Овие специјални услови ќе се применуваат за осигурување на стоките во меѓународен камионски превоз.

Осигуреникот е должен да ги преземе следните мерки:

1. Пред започнување на превозот секаде каде што имаат можност да извршат преглед и проверка на квалитетот на возилото и тоа да одговара на намената.

2.Да го познава и да ги проверува бонитетот на превозникот, возачите да бидат добро обучени, да ги познаваат прописите, да му даде упатства на возачот за начинот на утовар, прием, превоз и предавање на стоките согласно со договорот за купопродажба и царинските прописи во земјата на прием, т.е. ТИР-конвенцијата.

3. Пред утоварот на стоката да обезбеди соодветни сертификати за квалитетот на стоката.
Да ги почитува Упатствата дадени од осигурителот и да му овозможи контрола на стоката од негов претставник или од овластен агент.

Да ги отстрани сите недостатоци и забелешки на стоката, амбалажата и начинот на утовар дадени од превозникот во моментот на товарењето.
Да му даде инструкции на превозникот за начинот на превозот, а задолжително ако станува збор за превоз на расипливи стоки, опасни материи и вонгабаритен товар.

4.Да не ангажира за превоз превозници од Русија, Бугарија, Романија, освен ако презентираат дека имаат сертификат за осигурување со ЦМР покритие на нивната одговорност што ќе одговара на вредноста на пратката, а превезуваат само суровини за индустриски потреби.

5.Да го обврзе превозникот за меѓународен превоз возилото задолжително да има двајца возачи ако релацијата е подолга од 450 км.

6.Да провери пред товарењето на стоката дали возачот располага со целокупната лична документација, средства и потребни документи за непречен превоз (товарен лист, фактури, уверенија, дозволи, ТИР-карнети и др.), кои се неопходно потребни за нормален превоз. Ако натовари расиплива стока без горните документи, ќе се смета груб пропуст на осигуреникот.

7.При товарење на стоката, задолжително да е присутен и да му овозможи да врши проверка на количината, бројот на пакетите, распоред на товарот и проверка на

амбалажата, да не товари оштетена стока или амбалажа и да ги отстрани забелешките на возачот. Ако има писмена забелешка од возачот за недостатоците на стоката на товарниот лист, се смета како пропуст на испраќачот, т.е осигуреникот.

8.Осигуреникот е должен во товарниот лист прецизно читливо и точно да ја наведе адресата на примачот на стоката, негов телефон и лицето за контакт со фотокопија на број на лична карта и фотографија, точна и целосна адреса на испраќачот, на превозникот и на возачот на возилото. Од лицето за контакт во местото на прием на возачот да му даде читлива фотокопија од лична карта со фотографија.

9. Да му даде упатство на возачот, ако во иста насока за источноевропските земји или транзит преку нив одат повеќе возила од исти испраќачи за исти примачи од исти превозници, на исти релации, да се формираат конвои и возилата да не застануваат по пат освен на униформирана полиција, а попатните ноќевања возачите да ги прават само на јавни паркинзи, терминали и во групи.

10. Осигуреникот како испраќач да го извести со телефакс примачот на стоката за имињата на возачите, бројот на нивните пасоши, регистарскиот број на возилото, број на ТИР-карнетот, ЦМР товарниот лист и лицето за контакт и местото каде ќе го паркира возилото.

11. Да го запознае превозникот (возачот) по пристигнување на возилото во местото на прием задолжително да се паркира на царински терминал или на јавен паркинг и веднаш да им се јави телефонски на фирмата примач и на лицето за контакт. Возачот да изврши проверка на личната карта и на фотографијата со својата копија, со цел да утврди дали тоа лице располага со фотокопија на бројот на ЦМР товарниот лист и ТИР-карнет за да се увери дека тоа е лицето за контакт одредено од примачот. Еден од возачите заедно со примачот да оди во Царинарница за да се увери дека царинската процедура правилно се извршува во објектот на Царинарницата и пред овластен цариник со оригинални документи и дека се заверени сите документи и ТИР-карнетот.

12.Да го задолжи превозникот предавањето на стоките да го извршува по извршената царинска процедура на примачот што е наведен на товарниот лист и другите документи во присуство и по утврдување и идентификување на примачот. Во примените документи да се наведе точната адреса каде се растоварa стоката и да се идентификува магационерот што ја прима стоката од личните документи и да се наведат неговите податоци.

13. При растоварање на стоката задолжително и редовно да се присутни примачот и возачот за правилен квалитетен и квантитетен прием на стоките и да даваат инструкции за правилен растовар. Ако при предавање на пратките се забележи оштетување или кусок, веднаш да направат записник во присуство на примачот, возачот и шпедитерот, а по можност и царина, со кој ќе се констатира причината и висината на штетата,

За штети поголеми од 1.000 УСД, осигуреникот е должен веднаш, а по можност пред растоварот да го извести осигурителот и да ги почитува неговите инструкции и да бара штетата да ја извиди и да ја процени хавариски комесар на осигурителот или овластена контролна куќа, што ќе ја одреди осигурителот.

14.За штети од кражби и сообраќајни незгоди, осигуреникот има обврска веднаш да ги пријави на најблиската полициска станица и да бара записник или писмена потврда и веднаш да го извести и осигурителот.

15.Во случај на штети од ризик провална кражба, освен вооружен грабеж, измама и неиспорака на пратките, осигуреникот учествува со 20% од вредноста на отштетата.

16. Франшиза или учество на осигуреникот во осигурен случај ќе се примени франшиза во проценти (%) и/или во апсолутен износ.
За секоја штета осигурителот ќе одземе од надоместокот за штета пресметаниот дел од франшиза во проценти (%) и/или во апсолутен износ според тоа како е одредено во полисата за осигурување. Осигурителот нема да плати штета која е со износ под одредениот износ во полисата за осигурување како франшиза.

Вредноста на франшизата во проценти (%) и вредноста на апсолутната франшиза се одредува во полисата за осигурување.

17.Непочитувањето на горните одредби од страна на осигуреникот освен точката 9, ќе се смета како груб пропуст на осигуреникот и на лицата што тој ги ангажирал.

18. Во полисата за осигурување може да се одреди кои ризици се исклучуваат од осигурување.

19. Овие Специјални услови ќе се применуваат во осигурување на превоз на стоките во меѓународен камионски превоз во комбинација со Општите услови за осигурување пратки во меѓународен копнен и воздушен превоз „Против сите ризици“ и ќе се приложуваат со секоја карго полиса.

20.Постапка по приговори
Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

21.Постапка по жалба
Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

22.Решавање спорови
Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**Претседател на Управен одбор**

**Марко Микиќ**

Акционерско Друштво ... ГРАВЕ НЕЖИВОТ